***Број: 02 - 5380/2***
***29.04.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXIV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 29.04.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради службено патување во странство;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXXIII седница на УО одржана на 17.04.2008 година.*

1. *Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2007 година;*
2. *Измени на Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година;*
3. *Извештај за штетите од невремето на ЈЗУ Општа болница Охрид;*
4. *Барање од „Доматти“ од Свети Николе;*
5. *Барање од ПЗУ „Д-р Ратко Грков“ од Кавадарци;*
6. *Приговор од ПЗУ „Ортодент - М“ од Битола;*
7. *Разно*

*Потоа претседателот предложи под точката разно да се разгледаат и Предлог - Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и Барањето од ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка за ребаланс на буџетот на оваа здравствена установа придружено со мислење од стручната служба на Фондот.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXXIII седница на УО одржана на 17.04.2008 година.*

1. *Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2007 година;*
2. *Измени на Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година;*
3. *Извештај за штетите од невремето на ЈЗУ Општа болница Охрид;*
4. *Барање од „Доматти“ од Свети Николе;*
5. *Барање од ПЗУ „Д-р Ратко Грков“ од Кавадарци;*
6. *Приговор од ПЗУ „Ортодент - М“ од Битола;*

*7. Разно*

*7.1. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*7.2. Барање од ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка за ребаланс на буџетот придружено со мислење од стручната служба на Фондот.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXIII седница на Управниот одбор одржана на 17.04.2008 година.*

*Аљбон Џемаили укажа дека во врска со дискусијата по точката 9 - Приговор од ПЗУ „Хамза Дент", Управниот одбор не одлучи да се одбие жалбата како што е наведено во записникот туку побара дополнителни појаснувања за околностите поради кои од страна на Фондот е побарано плаќање на договорна казна. Побара тоа да се внесе во записникот.*

*Љубиша Каранфиловски во врска со дискусијата по точката 1 - „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување" на страна 4, побара неговото објаснување во врска со амалгамските пломби каде е наведено дека овие пломби порано ослободувале жива и се сметале за штетни но со новите технологии на подготвување тоа е отстрането, да се дополни со наведување дека порано амалгамските пломби се подготвувале пред аплицирањето при што се ставало и повеќе жива која подоцна се ослободувала во организмот. За разлика од нив, кај новите пломби амалгамот е капсулиран во точен сооднос - т.н. нон гама, со што можното штетно дејство се избегнува.*

*Исто така побара во дискусијата под точка 6 на страна 8, неговиот исказ да се дополни така што по зборовите „шест месеци" да се додадат зборовите „од почетокот на годината".*

*Со овие корекции Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXXIII седница на УО одржана на 17.04.2008 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2007 година*

*Објаснување по оваа точка од дневниот ред даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа објасни дека законска обврска е во рок од 60 дена по поднесувањето на Завршната сметка да се усвои и Годишниот извештај. Согласно Законот за здравственото осигурување овој извештај се доставува до Министерството за здравство, Владата и Собранието на Република Македонија. Во врска со работата на Фондот во 2007 година нагласи дека се карактеризирала со исклучително многу активности. Потоа, детално го објаснуваше извештајот.*

*По излагањето на Ромела Поповиќ Трајкова, Борис Јосифовски се осврна на висината на достасаните обврски на Фондот кои според излагањето на крајот на годината се еднакви на нула. Во врска со тоа праша колкава е висината на нестасаните обврски за набавка на лекови и медицински материјали кои ги преземал Фондот во 2007 а кои ќе стасаат во првите месеци на 2008 година. Укажа дека на 01.01.2007 година обврските достигнувале висина од 1.217.000.000 а на 31.12.2007 тие се со висина од 775.727.000 денари.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека достасаните обврски на Фондот се еднакви на нула, додека горeспоменатата сума ги покажува обврските на здравствените установи кои се на товар на Фондот. Додаде дека Фондот успешно ги сервисира тие долгови и дека со осамостојувањето на болниците во набавката на лекови и медицински материјали сега тие самите ги превземаат новите обврски. На тој начин Фондот не е оптоварен со нови обврски а старите ги сервисира со предвидената динамика. Па така на крајот на годината тие обврски се намалени на 775.727.000 а во овој износ се вклучени и обврските настанати во текот на 2007 година кои ќе стасаат во 2008 година.*

*На прашањето на Борис Јосифовски од кои средства се намалени обврските на Фондот, Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека најголеми заштеди се остварени преку тендерот за лекови и со намалувањето на данокот на додадена вредниост за лековите што овозможи потребните количини лекови да се набават со значително помалку средства.*

*Маријана Лончар Велкова изрази задоволство од Годишниот извештај и тоа како од начинот на кој е изработен што овозможува прегледност и изведување на анализи така и од прикажанаите резултати. Истакна дека е очигледно консолидираното работење на Фондот што е заслуга на високата професионалност на менаџерскиот тим. Потоа укажа на висината на средствата за купување на услуги како сегмент во кој има можност за поголеми заштеди. Исто така забележа дека е зголемен и обемот на донации за здравствените установи за чија реализација Фондот имал трошоци. Побара да се испита можноста во иднина таквите донации да одат директно без оптоварување на средствата на Фондот.*

*Во врска со тоа, Слаѓана Пешевска објасни дека средства за реализирање на донациите се секогаш обезбедувани по директни барања на Министерството за здравство или Владата.*

*Љубиша Каранфиловски исто така искажа пофалби за изготвениот извештај и прикажаните резултати во 2007 година, по што се согласи со дискусијата и предлогот на Борис Јосифовски кој побара новопреземените обврски да се прикажуваат во посебна ставка.*

*Ромела Поповиќ Трајкова се согласи Фондот да изготвува посебен преглед на новопреземените обврски.*

*Борис Јосифовски потоа истакна дека со оглед на фактот што Фондот со одлука на Владата е задолжен да ги превземе долговите на јавните*

*здравствени установи, не можеме да зборуваме дека Фондот нема обврски. Тие обврски всушност изнесуваат вкупно околу 3 милијарди денари.*

*Во врска со тоа, Ромела Поповиќ Трајкова истакна дека како обврски на Фондот се сметаат она што е фактурирано на Фондот односно се она за што Фондот превзема обврска да го плати по договор. Вкупните обврски од ЈЗУ се на терет на здравствените организации и тие ги превземаат во согласност со нивните буџети. Инаку и долговите превземени согласно одлуката на Владата се прикажани во посебен извештај и се превземаат само оние кои се јавиле по јавниот повик со 10% попуст и отказување од камати и судски постапки. Истакна дека несмее да се меша работата на ФЗОМ со работата на јавните здравствени установи и затоа и имаме Годишен извештај за 2007 година за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Анализа на економско финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи.*

*По ова, претседателот ја заклучи расправата по првата точка од дневниот ред и Годишниот извештај го стави на гласање. Управниот одбор едногласно го усвои извештајот и донесе*

***Одлука***
***за усвојување на Годишниот извештај за 2007 година за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Анализата на економско финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи***

***ТОЧКА 2-*** *Измени на Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека предложените измени на Програмата се извршени врз основа на претходно донесените одлуки на 33-та седница. Со едната одлука се одобрени средства за превоз на донираните медицински помагала и апарати за Специјалната болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Лешок“, а со втората претходно предвидените средства за Клиниката за психијатрија наменети за Опрема и Опрема за чување на ткиво и за работа со специфични примероци се пренесени на Клиниката за неврохирургија при Медицинскиот факултет во Скопје. Покрај тоа, врз основа на барањето на Здравствениот дом Куманово кое е поддржано од Министерството за здравство, се предлага одобрување на средства заради оспособување за работа на амбулантата во село Липково.*

*Љатиф Аљиљи дополни дека оваа амбуланта е изградена со донации и дека се потребни уште 2 милиони денари за довршување на работите кои ќе овозможат нејзино активирање.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Дополнување на Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година***

*со која се вршат дополнувања согласно донесените одлуки на 33-та седница и се одобруваат 2 милиони денари за оспособување за работа на амбулантата во село Липково.*

***ТОЧКА 3-*** *Извештај за штетите од невремето на ЈЗУ Општа болница Охрид*

*Во врска со оваа точка на дневниот ред, Ромела Поповиќ Трајкова потсети дека по барањето на ЈЗУ Општа болница Охрид за одобрување на средства за санирање на штетите што настанаа во невремето, Управниот одбор одлучи стручни лица да ги испитаат околностите што се однесуваат на ова барање. Согласно извештајот на стручните лица кои извршиле увид во болницата, а кој извештај е доставен и до членовите на Управниот одбор, нема основ Фондот да одобри средства за санирање на штетите. Имено, болницата е осигурена за случај на настанување на ваков вид на штети а исто така и изведувачот на оштетениот покрив дал гаранција на изведбата. Според тоа, болницата треба штетата да ја надомести од осигурителното друштво кај кое е осигурена односно да побара од изведувачот да ја поправи штетата доколку таа настанала поради околности што се однесуваат на изведбата кои се покриени со гаранцијата.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го прифати извештајот за штетите од невремето на ЈЗУ Општа болница Охрид и одлучи дека нема основ за намирување на штетите од страна на Фондот.*

***ТОЧКА 4-*** *Барање од „Доматти“ од Свети Николе*

*Објаснување по оваа точка даде Лазар Трајчев. Тој објасни дека Фондот по судски пат бара наплата на долгот што оваа фирма го има по основ на неплатен придонес за задолжително здравствено осигурување. Должникот од своја страна бара да му се овозможи плаќање на долгот на рати и истовремено да се овозможи издавање на потврди за платен придонес за неговите вработени. Му предложи на Управниот одбор да постапи како и со другите слични барања во случаи кога е поведена судска постапка за наплата. Тоа значи склучување на судска спогодба во која ќе биде регулирано плаќањето на долгот на рати откако претходно должникот ќе обезбеди банкарска гаранција во висината на долгот. Управниот одбор треба да одлучи за бројот на ратите на кои ќе може да се плати долгот. Инаку, во однос на барањето за одбивање на средствата што фирмата ги исплатила за здравствени услуги на вработените затоа што не добивале потврди за платен придонес од висината на долгот, наведе дека тоа е неосновано.*

*Маријана Лончар Велкова потсети дека Управниот одбор веќе има донесено начелна одлука за овој вид на барања, а Лазар Трајчев одговори дека таа одлука е само начелна и дека врз основа на неа Управниот одбор ги разгледува поединечните барања.*

*По ова, Управниот одбор едногласно го прифати барањето на должникот и донесе*

***Заклучок:*** *Фондот на Акционерското друштво за преработка на зеленчук и овошки и обработка на тутун „Доматти“ од Свети Николе да му овозможи плаќање на долгот по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување на 15 (петнаесет) месечни рати. Во висината на долгуваниот придонес да се вклучат и каматите заради ненавремено плаќање на придонесот и евентуалните трошоци што ги имал Фондот за поведување на судски постапки за наплата. За обезбедување на побарувањето да се достави банкарска гаранција.*

*Покрај тоа, донесе и*

***Одлука***
***за овластување на централната служба Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која ги утврди условите под кои централната служба на Фондот е овластена да склучува судски спогодби со тужените обврзници за плаќање на придонес за здравствено осигурување, и да им овозможува добивање на потврди за платен придонес доколку се придржуват кон спогодбата.*

***ТОЧКА 5-*** *Барање од ПЗУ „Д-р Ратко Грков“ од Кавадарци*

*И во врска со оваа точка од дневниот ред објаснување даде Лазар Трајчев. Тој наведе дека здравствената установа бара да и биде утврден статус на рурална поради тоа што работи на територијата на оддалечени села во кои има мал број на осигуреници. Поради тоа, според наводите, доколку таков статус не и се обезбеди ќе биде принудена да прекине со работа по што постоечките осигуреници ќе останат незгрижени.*

*Аљбон Џемаили предложи комисиски да се утврди состојбата на теренот и условите во кои ја извршува дејноста оваа здравствена установа па откако ќе се изготви извештај, Управниот одбор да одлучува по барањето.*

*Ромела Поповиќ Трајкова укажа дека Стратегијата за рамномерен регионален развој која ја изготвуваат Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа е во завршна фаза. Поради тоа препорача да се почека нејзиното донесување како би можело и Одлуката за руралност, односно критериумите за утврдување на статус на рурална амбуланта да бидат усогласени со неа. Не е пожелно да се прават исклучоци и да се донесуваат адхок решенија во зависност од индивидуални барања. Одлуката донесена на предходниот УО за проширување на одлуката за руралност е врз основа на одлука на влада а на барање на Министерството за здравство и се однесува само на активирање на веќе изградени постоечки амбуланти низ РМ. .*

*Управниот одбор го прифати укажувањето, по што едногласно донесе*

***Заклучок:***

*Да не се одлучува по барањата за прогласување на статус на руралност до усвојувањето на државната Стратегија за рамномерен регионален развој. По усвојувањето на Стратегијата, во согласност со критериумите утврдени во*

*неа да се изготви акт со кој ќе се утврдат критериумите за прогласување на рурални амбуланти.*

***ТОЧКА 6-*** *Приговор од ПЗУ „Ортодент - М“ од Битола*

*Лазар Трајчев објасни дека оваа здравствена установа понудата за склучување на договор со Фондот со комплетната документација ја поднела истовремено за 2007 и 2008 година при што во архивата на Фондот добила еден архивски број. Поради тоа, понудата за 2008 година не била земена предвид. Здравствената установа продолжила да работи и во 2008 година како да има договор со Фондот..*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека плаќањето за специјалистичката дејност што ја врши Ортодент - М се врши според извршените услуги што е лесно да се провери дали се извршени. Поради тоа смета дека доколку услугите се дадени, тие да се прифатат.*

*Трајче Леов укажа дека Управниот одбор и другпат разгледувал слични барања при што најчесто ги прифаќал и одлучувал да се склучи договор од моментот на комплетирањето на документацијата кон понудата за склучување на договор.*

*Лазар Трајчев објасни дека специфичноста кај ова барање е тоа што документацијата била навремено поднесена и тоа комплетна, но поради тоа што е поднесена под ист архивски број за 2007 и 2008 година не била земена предвид.*

*Слаѓана Пешевска дополни и дека Подрачната служба Битола ги прифаќала фактурите за извршените услуги на осигурените лица сметајќи дека здравствената установа има договор со Фондот.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно одлучи со ПЗУ „Ортодент - М“ од Битола да се склучи договор за 2008 година со важење од 01.01.2008 година.*

*По завршувањето на расправата по точка 6, претседателот Аљбон Џемаили во врска со записникот од XXXIII седница кој беше усвоен со корекција на заклучокот по приговорот на ПЗУ „Хамза Дент”, ги извести членовите на Управниот одбор дека претставник на оваа здравствена установа е присутен во просториите на Фондот. Побара согласност да се повика пред Управниот одбор да ги објасни околностите под кои е утврдена договорна казна за направеното прекршување на договорот.*

*Претставничката на Хамза Дент наведе дека казната за неа е преголема и дека смета оти пропустот што го направила не е толку тежок за казната да биде со висина од 150.000 денари. Наведе и дека известувањето за напуштањето на медицинската сестра го дала со задоцнување затоа што сметала дека известувањето треба да следи кога ќе се комплетира тимот со нова медицинска сестра. Потоа ја напушти седницата а членовите на Управниот одбор продолжија со расправата.*

*На предлог на Страшо Наумоски да се прочитаат одредбите од договорот помеѓу Фондот и Хамза Дент со кои се предвидени договорни казни, Лазар Трајчев ги прочита овие одредби и потоа објасни дека договорните казни во договорите што ги склучува Фондот се регулирани на таков начин што оневозможува арбитрерно одлучување, односно тие се ефектуираат по автоматизам кога условот за нив е исполнет.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со објаснувањето но истовремено заклучија дека висината на договорните казни пионекогаш е несоодветно висока во однос на прекршокот.*

*Маријана Лончар Велкова праша дали Управниот одбор може да поведе постапка за измени на тој дел на договрите кој се однесува на договорните казни на што Лазар Трајчев одговори дека е можно, но евентуалните измени би се однесувале на прекршувањата на договорите што ќе се случуваат во иднина.*

*По ова, Аљбон Џемаили предложи, Управниот одбор да го задолжи менаџментот на Фондот да формира комисија која ќе дава мислење по секој одделен приговор во врска со договорните казни.*

*Останатите членови го поддржаа овој предлог, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

*Да се формира комисија која ќе ги разгледува приговорите во врска со договорните казни за прекршувања на договорите за давање на здравствени услуги на осигурените лица на Фондот склучени помеѓу Фондот и здравствените установи, по што на Управниот одбор ќе му доставува мислење за секој одделен приговор.*

*Исто така донесе и*

***Заклучок:***

*Стручната служба на Фондот да ја разгледа можноста за намалување на висината на договорните казни односно нивно утврдување во согласност со тежината на прекршувањата.*

***ТОЧКА 7-*** *Разно*

*7.1. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*По оваа точка објаснување даде Маја Чемерикиќ. Таа појасни дека најголемиот дел на предложените измени се извршени врз основа на добиени известувања од страна на производителите на лекови и претставуваат техничко усогласување со реалната состојба. Покрај тоа се предлага и дополнување на*

*Одлуката со два готови лека за кои првпат се утврдуваат референтни цени согласно добиени известувања и приложена потребна документација (Копија од решението за ставање на готов лек во промет и Копија од Одобрението за формирани цени од МЗ). Тие два лека се Colomycin (colistin) инјекции 1.000.000 IU - кој е новорегистриран готов лек и Intron A (interferon alfa-2b) инјекции 15MIU/ml и 25MIU/ml. На крајот, заради проследување на редовниот тек на дистрибуција на лековите предложи во одлуката да биде наведен датум на стапување во сила од 01.06.2008 за сите измени, освен за лековите за кои првпат се утврдува референтна цена за кои утврдувањето на референтните цени би требало да стапи 8 дена по објавувањето во Службен Весник.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија објаснувањето, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаaат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*7.2. Барање од ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка за ребаланс на буџетот придружено со мислење од стручната служба на Фондот.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека барањето на Здравствениот дом Крива Паланка за зголемување на буџетскиот плафон не се однесува на видот и обемот на извршени здравствени услуги ниту за трошоци поврзани со остварувањето на здравствените услуги за што и се однесува утврдениот буџетски плафон. Барањето се однесува на дополнително вработување а тоа е исклучив домен на менаџментот на здравствената установа. Поради тоа, барањето не е опрравдано.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно одлучи да го одбие барањето на ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 12.40 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***